РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1279/3
24 -11- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на второто продолжение од 55-та седница одржано на ден 16.11.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-2853/1 од 27.08. 2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна ----------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка против ----------------------------, Прекршочната комисија во ДКСК донела Решение број 14-1280/4 од 01.11.2021 година со кое именуваниот го огласила за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и му изрекла прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-2853/1 од 27.08.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во својата евиденција конснатира дека на лицето --------------------- на 14.02.2020 година е избран за директор на ------------------- и дека во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на изборот на функцијата не поднело анкетен лист до ДКСК.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Поради горенаведеното, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-2853/5 од 30.09.2020 година, за сторен прекршок од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок не е постапено по прекршочниот платен налог, поради што ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против именуваното лице..

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-1280/4 од 01.11.2021 година именуваниот го огласила за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и му изрекла прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Б.С, виш соработник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**